УДК 821.163.3-5

**Никола Јанкуловски**
**Ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Во оваа година на јубилеи што ги одбележува Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ ми претставува особена чест да го поздравам големиот јубилеј на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици – 75 години од основањето. Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици има основоположничка улога во создавањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и е неговата првата наставно-научна институционална единица. Основана е во 1946 година, под називот Катедра за јужнословенски јазици, со посебен Семинар за македонски јазик. Оваа година одбележуваме и 100 години од раѓањето на великанот на македонистиката – Блаже Конески, кој бил член токму на оваа Катедра.

Од основањето до денес, Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици постојано ги приспособува своите додипломски студиски програми кон барањата на современата наука и на пазарот на трудот, успешно организира и ги осовременува постдипломските студии на студиската програма Македонски јазик, а учествува и во третиот циклус студии од областа Македонистика на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Професорите од оваа Катедра учествуваат во изведувањето на наставата и на сите студиски групи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, но настава по македонски јазик, како и по други лингвистички предмети, држат и на поголем број факултети во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како што се Филозофскиот факултет, Правниот факултет „Јустинијан Први“, Медицинскиот факултет, Факултетот за драмски уметности, Природно-математичкиот факултет, Факултетот за ликовни уметности, Машинскиот факултет и др.

Грижа на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици е и организирањето на наставата по македонски јазик на универзитетите во странство. Катедрата остварувала и остварува контакти со речиси сите славистички центри во светот, а меѓународниот подем на македонистиката

во светот особено доаѓа до израз преку основањето на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во 1967 година, во чие организирање и функционирање Катедрата дала значаен придонес. Секоја година професорите од оваа Катедра држат предавања и изведуваат лекторска настава на Летната школа на Семинарот во Охрид.

Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици ја покрива и наставата по македонски јазик за странските студенти што сакаат да се запишат на нашиот Универзитет и за таа цел професорите од Катедрата го спроведуваат европски признатиот Тест по македонски јазик за странци – ТЕМАК.

Меѓународната соработка на Катедрата е видлива и преку многубројните студиски престои на наставниот кадар на повеќе универзитети во различни држави во светот. Професорите од Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици за следните генерации студенти и за пошироката јавност имаат оставено и оставаат богато печатено наследство, како во вид на зборници од одржаните научни собири така и во вид на специјализирани монографии и учебници за студентите, но и печатени материјали од многубројните меѓународни и национални проекти со кои раководеле.

Во таа смисла, на колегите им посакувам натамошна успешна работа и срдечно им го честитам јубилејот 75 години од основањето на Катедрата.